ОВЛАСТУВАЊЕ ПОЛНОМОШНИЦИ

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на Собранието. Полномошното се издава во писмена форма со пополнување на образецот за гласање преку полномошник . Полномошното мора да содржи комплетни податоци за идентитетот на акционерот и полномошникот, и тоа:

За акционерот - пополнето целосно име и презиме, своерачен потпис и ЕМБГ на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, ЕМБС, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапникот по закон на акционер правно лице,

За полномошникот - целосно име, презиме и ЕМБГ за полномошник физичко лице, односно назив, седиште и ЕМБС на полномошник правно лице. Акционерите се должни веднаш писмено да го известат Друштвото за секое дадено полномошно со доставување на копија од полномошното, во прилог на известувањето на адреса: Адреса на која се доставува барањето :

ТЕХНОКОМЕРЦ АД Скопје, Бул.8 Септември бр.42 1000 Скопје до Одборот на директори на Друштвото со назнака "за Собрание на акционери" Како услов за уважување на полномошното, како и верификација на дадените инструкции за гласање, акционерот, заради утврдување на личниот идентитет е должен со известувањето да приложи и соодветна документација за идентификација, и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува копија од лична карта или пасош

2. За акционер домашно правно лице се приложува, последна тековна состојба од Централниот регистар на Р.Македонија во оригинал не постара од десет дена

Полномошникот е должен при евиденција на своето присуство на Собранието да презентира документ за идентификација – лична карта или пасош.

За полномошници на Собранието, можат да бидат назначени и лица кај кои постои конфликт на интерес согласно Законот за трговските друштва, под услов ако полномошниците:

- Претходно им обелоденила на акционерите со доставување на писмена информација до Одборот на директори на Друштвото дека кај нив има конфликт на интерес и

- Добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници, за секоја предложена точка за гласање по точките на дневниот ред на седницата на Собранието.

Се гласа со "ЗА" "ПРОТИВ" "ВОЗДРЖАН"

Друштвото на својата интернет страница ќе го објави идентитетот на назначените полномошници кај кои постои конфликт на интерес.